# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ СКРИПТА „ГЛОБАЛИЗАЦИЈА ЕКОНОМСКИ АСПЕКТИ” ОД АВТОРОТ АСИСТЕНТ М-Р ВЛАТКО ПАЧЕШКОСКИ, ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 1702 – 364/17 од 78. редовна седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет, одржана на 3 јуни 2014 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– проф. д-р Ристо Фотов, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” – Штип;
– проф. д-р Круме Николоски, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев”- Штип,

за изготувување на извештај - рецензија на приложениот ракопис **„Глобализација - економски аспекти” од авторот асистент м-р Влатко Пачешкоски,** наменет за студентите на прв циклус студии на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Економски факултет го поднесува следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

Извештајот на рецензијата може да изнесува најмногу 10 (десет) пишани А4 формат страници со нормален проред. Рецензијата треба да ги содржи следниве податоци:

***Општи податоци за ракописот***

Глобализацијата е фундаментален сегмент на меѓународната економија. Скриптата „**Глобализација - економски аспекти“** според својата содржина, опфат, структура и методологија е конципирана да им служи пред сè на студентите од Економски факултет. Главна цел на скриптата е да даде основа за разбирање и совладување на теоретските и прагматичните актуелни случувања, во светската економија денес во ера на глобализација. Точно низ процесот на глобализација, диспаритетите од аспект на економската развиеност се претвори во еден од најкрупните проблеми на развојот на современиот свет. Имено, тргнувајќи оттука е и нагласениот интерес за истражување на глобализацијата како светски мултидимензионален процес, кој истовремено има огромно влијание на тенденциите во светското стопанство. Во содржината се инкорпорирани определени теоретски и методолошки знаења кои се неопходни за согледување на основните карактеристики и законитости на глобализацијата, пред сè од економски аспект.

Концепцијата на скриптата е фундирана, со соодветна поврзаност на современите и актуелни состојби на економските движења во светот, со цел на што поедноставен начин и низ практични примери студентите да можат да ја совладаат материјата. Во скриптата се разработени генезата на процесот на глобализација, противречностите од овој процес во глобалната економија и тенденциите на процесот на глобализација. Дадена е критичка анализа и оценка за консеквенциите од актуелните случувања, во однос на диспаритети за достигнатото ниво на економски развој помеѓу развиените земји и помалку развиените како резултат на процесот на глобализација.

Во изготвувањето на скриптата „Глобализација - економски аспекти“ е консултирана широка литература, од најразлични области: меѓународни финансии и трговија, меѓународен монетарен и трговски систем, меѓународни организации и интеграции, современи економски системи и глобализација, сè со единствена цел изворно и компетентно презентирање на материјата.

Економската глобализација е област во која многу брзо се манифестираат промените во динамиката и просторната организација на економските движења. Оттука произлегува

и актуелноста за континуирано следење и презентирање на состојбите, промените и причините за ваквите случувања во светската економија.

Скриптата е подготвена за потребите на студентите од Економски факултет, конкретно за студиската програма Меѓународна економија – Штип, Финансиски менаџмент – Штип, Финансиски менаџмент – Кочани, Финансиски менаџмент – Радовиш, Финансиски менаџмент – Штип, Финансиски менаџмент – Струмица.

***Податоци за обемот на ракописот***

Проблематиката која е предмет на обработка во скриптата е претставена во текст од вкупно 130 страници, каде што се инкорпорирани над двесте релевантни библиографски единици, како книги од светски познати автори и издавачки куќи, периодични списанија и интернет страници. Текстот во трудот е поткрепен со табели и графикони кои треба да помогнат во доближување и поедноставно претставување на материјата до студентите. Трудот е пишуван во А4 формат со нормален пропред, употребен е фонт Ariel, големина на буквите 12. Обемот на трудот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

***Податоци за постоење на ист или сличен наслов***

Рецензентите имаат сознание дека не постојат книги со наслов „Глобализација - економски аспекти“. Авторот во овој труд се третира мошне атрактивна и актуелна проблематика од обласа меѓународната економија.

Трудот настојува преку научната обработка на техниките и инструментите на процесот на глобализација да го објасни начинот на кој овој процес делува во светската економија преку добивките и консеквенциите од него. Во однос на анализата на активностите на глобализацијата, пред сè, од економски аспект, оваа скрипта подетално ги опфаќа: генеза на глобализацијата, теоретски пристапи кон глобализацијата, димензии - елементи на глобализацијата, фактори кои влијаат врз глобализацијата, економски аспекти на глобализацијата: меѓународна трговија и меѓународни финансии, противречности во светската економија од процесот на глобализација, тенденции на процесот на глобализација.

Ваквиот покомплексен пристап кон материјата од сферата на глобализацијата во светската економија го оправдува одобрувањето на скриптата, а едновремено го обврзува авторот така конципираниот материјал да го збогати и да го презентира во форма на учебник.

***Краток опис на содржината***

Во првото поглавје со наслов *Поим за глобализација,* авторот подетално го дефинира процесот на глобализација. На почетокот на теоретските разгледувања за глобализацијата, неопходно е да се направи обид за дефинирање на клучните поими. Станува збор за обид за наше дефинирање, најпрво затоа што постојат онолку дефиниции и пристапи кон глобализацијата колку што има автори и теоретичари кои со неа се занимавале. Можеби би било научно повредно и поправилно да се каже дека станува збор за *поимно определување на глобализацијата*, а не за нејзино дефинирање.

Во овој сегмент авторот прави јасна дистинкција помеѓу поимите меѓузависност и глобализација, со оглед на тоа што овие два поима честопати се поистоветуваат. Под меѓузависност се подразбира постоење на меѓусебни зависности на државите, појавите процесите и односите во нив на едно или на повеќе нивоа (економско, политичко, културно и слично). Најчесто во раните периоди на историјата станувало збор за меѓузависност на соседните држави, каде економскиот поредок на едната го условувала поредокот на другата, било во позитивна, било во негативна смисла. Доколку ваква меѓузависнот постои истовремено на повеќе различни нивоа, станува збор за таканаречена повеќестепена меѓузависнот. Значи, меѓузависноста е само една составна компонента на процесот на глобализацијата, а не е синоним за поим. Некои автори глобализацијата се обидуваат да ја дефинираат нормативно и конкретно-историски. Така се вели дека глобализацијата е „процес на сестрано поврзување на светот и негово воспоставување како рамноправна

и плуралистичка заедница на слободни поединци", но и дека глобализацијата може да се одреди како „процес и систем на конфликтно поврзување на светот" чија содржина најпрво ја одредува „планетаризацијата на капиталот, интересите и влијанијата на големите корпорации".

Во второто поглавје, со наслов *Теоретски пристапи за глобализацијата,* авторот се фокусира на теоретските пристапи кон глобализацијата се различни, дури и потполно се спротивставени. Ваквиот теоретски плурализам не произлегува толку од оспорувањето на фактите за глобализацијата колку од оспорувањата за тоа дали таа е една „квалитативно поинаква ера или претставува продолжување на процесите кои веќе се покренати во модерното време". Кога веќе истакнавме, за глобализацијата постојат онолку теории колку што има теоретичари кои се занимаваат со неа, при што ниедна од теориите на ги содржи сите аспекти на процесот на глобализација. Токму затоа секоја поделба на теориите за глобализацијата е релативна и условена.

Во третото поглавје *Димензии-елементи на глобализацијата* авторот подетално ги објаснува домените во кои се манифестира овој процес, преку: економската димензија, политичката димензија, културолошката и социолошката димензија.

Во четвртото поглавје со наслов *Фактори на глобализацијата* авторот анализира многу теории и неколку хипотези како за обликот и формата на глобализацијата, така и за нејзините фактори. Тука ќе бидат елаборирани основните фактори на глобализацијата и тоа: демографската транзиција, промена на рамнотежата на економската моќ во светот, енормната брзина на ширењето на технологијата, „експлозијата" на информацијата, зголемената свест за социјални и еколошки вредности, финансиска интеграција, но се разбира дека според натамошните случувања во светот може да додаде или одземе некој двигател на оваа листа.

Во петтото поглавје *Економски аспекти на глобализацијата: меѓународна трговија и меѓународни финансии*" авторот детално го објаснува улогата и значењето на меѓународната трговија и меѓународните финансии. Тука е направена анализа на обемот и структурата на меѓународната трговија и меѓународните финансии и нивната институционална форма.

Во шестото поглавје *Политички аспекти на процесот на глобализација* авторот ја анализира новата политичка карта, денес, открива не само долготрајни, туку и несфатливо противречни, на прв поглед неспојливи правци на промени, коишто повеќе личат на разбиено огледало, отколку на делови на светскиот систем. Формирањето на спектар слаби држави истовремено е проследено со формирање моќни супер-држави и наднационални институции. За да се допре до скриената логика во којашто „неспојливите" форми на држави ги сочинуваат органските делови на еден глобален политички поредок, мора да се прошири рамката за анализа. Сфаќањето на државите, како легитимен монопол на сила над определена територија, не е доволно. Тоа мора да се прошири со структуралистичка перспектива – поглед на централната политичка институција - држава- како институционален израз на односите на сила меѓу клучните социјални групи, како инструмент на нивните геостратегиски интереси.

Во последното поглавје *Противречности од глобализацијата*, имајќи го предвид претходно изнесеното факт е дека глобализацијата е во тек и дека барем во сегашната фаза се одвива асиметрично. Различното ниво на економска развиеност на одделните земји веројатно е основната причина што голем дел од нив не можат да се интегрираат во светските економски текови, т.е. не можат да ги валоризираат позитивните страни на процесот на глобализација или ако евентуално ги користат, тогаш тоа е во помала мера. Друг дел земји се наоѓаат надвор од процесот на глобализација или  апсолутно се „изгубени" во него. Апострофираната маргинализација во сегашната етапа на глобализацијата е неизбежен факт, бидејќи во нејзината основа е вграден моделот на „пазарниот фундаментализам" кој per definitionen дејствува според принципот центар - периферија id est продуцира регионални диспаритети, фаворизирајќи ги развиените земји, а дестимулирајќи ги неразвиените. Противречностите на глобализацијата во светската економија доаѓаат до израз и тогаш кога таа се опсервира низ призмата на нејзините основни облици: либерализацијата на пазарите на производи/услуги и технологија; либерализацијата на пазарите на труд; либерализацијата на пазарите на капитал и либерализација на пазарите на информации.

## З А К Л У Ч О К

Значајноста на трудот на м-р Влатко Пачешкоски се огледа во пристапот и начинот на обработка на деликатната материја од областа на меѓународната економија, а тоа е глобализацијата од економски аспекти. Тој темелно ги анализира основата, домените, начинот и принципите на егзистирање и функционирање на процесот на глобализација во светската економија. Со оглед на фактот дека оваа проблематика е релативно скромно обработувана во македонската литература, а во поразвиените економии ѝ се посветува поголемо внимание, авторот м-р Влатко Пачешкоски дава свој придонес во научното третирање на оваа проблематика.

Несомнено е дека таквата теоретска поставеност на трудот, проследена со практична елаборација, многу ќе им помогне на студентите за појасно да ги разберат и толкуваат суштинските проблеми од областа на глобализација во светската економија.

Врз основа на изнесеното, имаме особена чест да му предложиме на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Штип скриптата со наслов „Глобализација – економски аспекти" од м-р Влатко Пачешкоски да ја одобри за издавање.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Ристо Фотов, редовен професор, с.р.**
**Д-р Круме Николоски, вонреден професор, с.р.**